## ЛЕТНА ШКОЛА – VIBE ON

# ПРОГРАМА

За првпат оваа година Шпаркасе Банка АД Скопје организира летна школа под мотото Vibe On, која е наменета за сите студенти од 3-та и од 4-та година студии, како и за оние на магистерски студии од кој било факултет во Македонија.

Во периодот од 1-10 јули 2024 година, во Охрид ќе се реализира Летната школа.

Повикот за Летната школа ќе биде отворен во периодот од 14-26 мај 2024, во кој кандидатите ќе може да аплицираат.

Летната школа ќе биде организирана за 12 учесници. Изборот за учесници ќе го направи комисија формирана од Шпаркасе Банка.

Концептот на Летната школа се состои од два дела, практичен и теоретски дел, со главна цел развој и промоција на производ – Vibe On.




**Практичен дел:**

Студентите ќе посетуваат практична настава 5 дена во дирекциите на банката во централата во Охрид, каде што директно ќе може да ги следат процесите на банкарското работење и да се стекнат со практично искуство.

Концептот ќе биде реализиран на принцип 1 ден теоретско предавање, на кое ќе следуваат 2 дена практична настава.

**Теоретски дел:**

Студентите ќе посетуваат теоретска настава во период од 3 дена во дирекциите на банката во централата во Охрид, каде што се предвидени тематски предавања од областа на банкарството и финансиите како и предавања за меки вештини.

Предавањата што ќе бидат спроведени, ќе бидат од делот на:

- Дигитални канали – 1 ден
- Благајничко работење – 1 ден
- Финансиско работење – 1 ден

Практичниот дел ќе биде спроведен во следните сектори и во следниот распоред:

- Дигитални канали – 2 дена
- Благајничко работење (посета на експозитури) – 2 дена
- Корпоративно банкарство – 1 ден

Идејата за Летната школа е да се спроведе наизменична теоретска и практична настава, со цел да се продлабочи знаењето на младите луѓе и на идните студенти, да овозможи тие да се запознаат со банкарското работење и да добијат можност да остават своја кратка биографија, со што Банката ним ќе им помогне во нивниот понатамошен професионален развој, а за нас како иден работодавач ќе ни помогне за отворање база на идни можни кандидати за вработување.

Завршниот дел од Летната школа ќе се состои од презентации на сите учесници каде што накратко ќе треба да презентираат свое решение, и тоа:

1. креирање нов производ, или

2. развојно решение за веќе поставен производ.

Презентациите ќе се одвиваат пред претходно определена комисија, која ќе ги следи компетенциите на учесниците и ќе даде оценка за нив.

Со завршна церемонија и неформално дружење, предвидено е да се заокружи првата Летна школа – Vibe on, каде што на сите учесници ќе им бидат доделени сертификати за реализираната Летна школа.

SPARKASSE Bank

КАРИЕРА БЕЗ БАРИЕРА